Врз основа на член 63 од Законот за високото образование, Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет Велес, на седницата одржана на ден 02.07.2012 година, донесе

# О Д Л У К А

## За изработка на семинарски-писмен и дипломски труд на

## Технолошко-технички факултет Велес

### 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува изработката на семинарски-писмен труд и изработката и одбраната на дипломскиот труд на универзитетските студии од прв циклус (додипломски студии) на Технолошко-техничкиот факултет Велес, (во натамошниот текст: Факултетот), правата и обврските на студентот, менторот и Комисијата за одбрана на дипломски труд.

**Член 2**

Студентот во текот на семестарот е должен да изработи семинарски труд по предметната програма за која таков труд наставникот предвидел дека треба да се изработи.

**Член 3**

Студентот е должен на крајот на студиите да изработи и одбрани дипломски труд.

Изработката и одбраната на дипломскиот труд треба да ги покаже способностите на студентот за самостојна обработка на теми пред се од подрачјето (областа) на Прехранбената технологија и биотехнологија и Нутриционизмот, кои се изучуваат во текот на студиите на Факултетот.

Дипломскиот труд ги опфаќа содржински и методолошки сите битни елементи на стручна работа (позитивноправни, споредбени и практичи аспекти на проблемот-ите, како и изворите на литература).

### 2.СЕМИНАРСКИ ТРУД

### 1.Цели на изработка на семинарскиот труд

**Член 4**

Целите на изработка на семинарскиот труд се:

-студентот да се запознае со одредена област од научната или стручна дисциплина преку детална разработка  на една тема од таа област;

-подготвување на студентот за пишување на самостојни трудови: есеи, стручни трудови, дипломски труд и сл.

-да се оспособи студентот да ги совлада основите на самостојна стручна работа, форма на пишување и сл.

**Член 5**

Темата на семинарскиот труд може да биде:

-теоретски проблеми

-практични проблеми воочени во литературата и праксата.

**Член 6**

Темата на семинарскиот труд може да биде обработена на два начина:

-студентот може да прибере, обработи структурира и презентира сознанија од литературата релевнатни за темата која ја обработува;

-студентот може да ги примени стекнатите знаења со обработка на литература и да покаже како некој конкретен проблем може да се реши. Тоа може да го направаи преку анализа на примери од праксата или литературата, преку обработка на задача, емпириско истражување или на некој друг начин.

## 2.Структура на семинарскиот труд

**Член 7**

Семинарска работа содржи: насловна страна, содржина, вовед, обработка на темата, заклучок и литература.

Начинот, формата и содржината за изработка на семинарската работа е детално опишан во Упатството што следи на крајот од одлуката.

## 3. Задолжителна литература

**Член 8**

Студентот е должен при изработката на семинарскиот труд да користи извори на литература, во договор со предметниот наставник.

Под извори на литература се подразбираат сите публикувани извори: книги, научни и стручни списанија, статии, интернет сајтови и др.

**Член 9**

Семинарскиот труд мора да биде изработен-напишан на најмалку 10 страници.

Семинарскиот труд мора да биде печатен и поврзан.

Семинарскиот труд се предава во 1 примерок.

Стилот на пишување треба да биде во согласност со стандардите на академско пишување.

**Член 10**

Наведувањето на изворите во фусноти или ендноти е задолжително, во спротивно трудот ќе биде оценет негативно како плагијат.

## 4.Постапка за изработка на семинарски труд

**Член 11**

Листата на теми по предметите ја утврдува предметниот наставник пред почетокот на семестарот.

Студентот и наставникот односно соработникот се договараат околу иборот на темата, од листата на теми која е утврдена пред почетокот на семестарот.

Листата на теми се доставува до Службата за студентски прашања на факултетот, а потоа се обезбедува нејзина достапност до студентите, преку јавно огласување на огласна табла и ВЕБ страната на факултетот.

Во текот на семестарот студентот доаѓа на повремени консултации со предметниот наставник или соработник околу изработката на трудот.

Студентот е должен семинарскиот труд да го изработи и предаде во текот на семестарот во кој е и одобрен, во спротивно темата ќе биде поништена.

## 5.Оценка на семинарскиот труд

**Член 12**

Ако предадениот семинарски труд според оценка на наставникот не задоволува по својот обем и квалитет, трудот му се враќа на студентот на дополнување или доработка.

Ако предадениот семинарски труд позитивно е оценет, наставникот го запишува тоа во соодветнит формулар за оценување на студентот по конкретниот предмет.

Наставникот е должен изработените и предадени семинарски трудови да ги чува 3 (три) месеци, сметано од денот на предавањето.

**3.ДИПЛОМСКИ ТРУД**

**1.Цели на изработка на дипломскиот труд**

**Член 13**

Цели на изработка на дипломскиот труд се:

-студентот да се запознае со одредена област од научната или стручна дисциплина преку детална разработка на една тема од таа област и

-да се оспособи студентот да ги совлада основите на самостојна научна и стручна работа, форма на пишување, стил на пишување и сл.

**Член 14**

Темата на дипломскиот труд може да биде:

-теоретски проблеми

-практични проблеми од литературата и праксата.

**Член 15**

Темата на дипломскиот труд може да биде обработена на два начина:

-студентот може да прибере, обработи структурира и презентира сознанија од литературата релевнатни за темата која ја обработува;

-студентот може да ги примени стекнатите знаења со обработка на литература и да покаже како некој конкретен проблем може да се реши, што подразбира аналитички да се воочи одреден проблем и јасно да покаже какви импликациии има неговото различно решавање.

**2.Структура на дипломскиот труд**

**Член 16**

Дипломскиот труд содржи: насловна страна, содржина, вовед, главен дел, заклучок и литература.

Начинот, формата и содржината за изработка на дипломскиот труд е детално опишан во Упатството што следи на крајот од одлуката.

### 3. Задолжителна литература

**Член 17**

Студентот е должен при изработката на дипломскиот труд, во договор со менторот, да користи извори на литература.

Под извори на литература се подразбираат сите публикувани извори: книги, научни и стручни списанија, статии, интернет сајтови и др.

### 4. Форма на дипломскиот труд

**Член 18**

Дипломскиот труд мора да биде изработен-напишан на најмалку 30 страници куцан текст.

Дипломскиот труд мора да биде печатен, поврзан и укоричен.

Дипломскиот труд се предава во 5 примероци (за менторот, за другите два члена, за библиотеката и за кандидатот = 5 примерока).

Стилот на пишување треба да биде во согласност со стандардите на академско пишување.

**Член 19**

Наведувањето на изворите во фусноти или ендноти е задолжително, во спротивно трудот ќе биде оценет негативно како плагијат и на студентот нема да му се дозволи одбрана.

### 5.Постапка за изработка на дипломски труд

**Член 20**

Студентот стекнува право да поднесе барање за доделување на тема за дипломски труд со запишување на 8 (осми) семестар, но само од предмет што го положил.

**Член 21**

Со барањето за доделување на тема за дипломски труд, студентот ја предлага темата и менторот, која претходно е избрана во договор со менторот.

Темата за дипломски труд ја одобрува Наставно-научниот совет на Факултетот, најдолго за една година.

Доколку студентот во тој рок не ја изработи и одбрани темата за дипломски труд, должен е да поднесе барање за презапишување на претходно доделената тема.

**Член 22**

Комисијата за одбрана на дипломски труд е составена од 3 (три) члена. Комисијата е составена од менторот-предметниот наставник, 1 (еден) наставник и 1 (еден) соработник-асистент, а ги потврдува Наставно-научниот совет со одлука.

Како 4-ти член на Комисијата за одбрана може да биде вклучен надворешен член, со најмалку VII степен на образование, но без право на одлучување при формирањето на оценката.

**Член 23**

Наставник може да биде како ментор во текот на една академска година, на најмногу 20 дипломски трудови, а како член на Комисија на најмногу 30 дипломски трудови.

**6. Дипломски труд**

**Член 24**

За изработката и одбраната на дипломскиот труд се грижи студентот, Комисијата за одбрана на дипломски труд и менторот.

Комисијата за одбрана на дипломски труд за секој предмет ја формира Наставно-научниот совет на Факултетот.

**Член 25**

Нацрт содржината на работа на дипломскиот труд ја одредува студентот во договор со менторот.

Менторот преку консултации ќе ја насочува и надгледува работата на студентот на дипломскиот труд.

По овластување на менторот, работите од став 2 на овој член може да ги извршува и вториот член на Комисијата за одбрана на дипломскиот труд (коментор).

Студентот е должен да се придржува до насоките, забелешките и предлозите на менторот односно вториот член на Комисијата.

**Член 26**

Обемот и методот на изработка на дипломскиот труд го определува менторот и за тоа го известува студентот при договарањето за содржината на трудот.

**Член 27**

Студентот го предава дипломскиот труд на менторот во еден примерок, кој ќе го прегледа и ќе даде мислење со предлог за прифаќање или неприфаќање на дипломскиот труд и покренување на понатамошната постапка.

## 7.Оценка на дипломскиот труд

**Член 28**

Ако предадениот дипломски труд според оценка на менторот не задоволува по својот обем и квалитет, трудот му се враќа на студентот на дополнување или на доработка.

**Член 29**

Ако менторот позитивно го оцени дипломскиот труд, студентот е должен да го предаде дипломскиот труд во Службата за студентски прашања на факултетот, во 5 примероци.

## 8.Одбрана на дипломскиот труд

**Член 30**

Менторот во договор со студентот може да го утврди датумот на одбрана на дипломскиот труд.

Пријавата за одбрана на дипломскиот труд се поднесува до Службата за студентски прашања, најдоцна 90 дена по полагањето на последниот испит.

Службата ја поднесува пријавата до Комисијата за проверка на студентското досие. Комисијата ја сочинуваат продеканот за настава, секретарот, референтот за студентски прашања и координаторот за ЕКТС. По извршената проверка, Комисијата ја одобрува одбраната за дипломски труд.

Кон пријавата студентот прилага:

- потврда дека дипломскиот труд е позитивно оценет;
- индекс и
- изјава дека ги исполнил сите услови за пристапување кон одбрана на дипломски труд.

**Член 31**

Службата за студентски прашања на факултетот ќе ги провери наводите на студентот од претходниот член на оваа Одлука и за тоа ќе го извести продеканот за настава и менторот.

**Член 32**

Датумот на одбрана на дипломскиот труд се објавува на огласна табла и на ВЕБ страната на Факултетот, најдоцна 7 дена пред одбраната на дипломскиот труд.

**Член 33**

Одбраната на дипломскиот труд е јавна и се изведува во службените простории на факултетот.

Одбраната на дипломскиот труд може да трае најдолго 60 минути.

Експозето на студентот може да трае најдолго 30 минути.

По експозето студентот одговара на прашањата на Комисијата за одбрана на дипломскиот труд.

**Член 34**

За одбраната на дипломскиот труд се води записник во кој се внесуваат имињата на членовите на Комисијата пред која се брани трудот, времето на започнување и на завршување на одбраната и оценката од одбраната.

Дипломскиот труд се оценува со описна оценка „го одбранил“ односно „не го одбранил“ дипломскиот труд

Записникот го потпишуваат членовите на Комисијата за одбрана на дипломскиот труд.

Записникот се чува во студентското досие.

**Член 35**

Доколку студентот не го одбрани дипломскиот труд, тој повторно поднесува пријава за изработка и одбрана на нов дипломски труд.

Правото од став 1 на овој член студентот може да го оствари по изминување на 1 месец од датумот на одбрана на дипломскиот труд, за кој бил оценет со оценка „не го одбранил".

**Член 36**

Студентот може од оправдани причини да побара одлагање на одбраната на дипломскиот труд.

За оправданоста на причините од став 1 на овој член одлучува Комисијата за одбрана на дипломски труд, која определува и нов датум на одбрана.

**4.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 37**

Упатството за изработка на семинарски труд и дипломски труд е составен дел на оваа одлука.

**Член 38**

За се она што не е предвидено со оваа одлука, ќе се применуваат одредбите од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии на Универзитетот „Св.Климент Охридски" Битола.

**Член 39**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Технолошко-технички факултет Велес**
**Д е к а н**
**Проф.д-р Драган Дамјановски**

**УПАТСТВО**

**ЗА ИЗРАБОТКА НА СЕМИНАРСКИ ТРУД И ДИПЛОМСКИ ТРУД**

Упатството е наменето за студентите на прв циклус студии за изработка на семинарски труд и и дипломски труд на двете студиски програми Прехранбена технологија и биотехнологија и Нутриционизам на Технолошко-техничкиот факултет Велес.

Со упатството се постигнува повисок степен на методолошка усогласеност и единственост во институционалниот пристап на секој студент.

Упатството е наменето и за наставниците-ментори за полесно, постручно и уедначено водење на кандидатите при изработката на семинарската работа или дипломски труд.

**Содржина на трудот треба да го има следниов тек:**

1. **Насловна страница (дадена е во примерот кој следи)**
2. **Прва страница(дадена е во прилогот кој следи)**
3. **Следната страница започнува содржината на трудот**
4. **Потоа следи воведот па**
5. **Страниците на текстот (со користење на фусноти за кои следат примери))**
6. **Резиме-заклучоци**
7. **Библиографија(користена литература за која следат примери) и на крајот**
8. **Прилози (доколку ги има)**

## 1. СРЕДУВАЊЕ НА ТЕКСТОТ

***Страница***

- Секоја страна треба да ги има следниве карактеристики средени со операцијата Page setup.

***Маргини:***

- Top и Bottom- 2,54cm: (1”  inch)
- Left и Right- 3,17cm (1.5”  inch)
- Orientation: Portrait
- Paper: A4- (210mm X 297mm)

***Фонт***

- Текстот треба да е изработен / напишан во Microsoft Word со македонска поддршка. Фонтот треба да е Times New Roman.

***Големина на фонт (Font size)***

- Големината на буквите во текстот треба да е 12.

***Форматирање (Format)***

- Форматирањето на текстот се нагодува со прозорчето Format.
- Оддалеченоста на еден од друг ред од текстот (проред) треба да е 1,5 (Line spacing).
- Определување на краевите на еден ред од текстот се определуваат со кликање на командата (Порамнување = Justify).

***Нумерирање на страниците***

- Страниците се нумерираат со операцијата Insert- Page Number.
- Бројот на страницата треба да е позициониран (position) во десниот (alignment- right) долен (bottom of page) агол од текстот. Некои страници не треба да имаат број, додека дел од страниците се со арапски, а други со мали римски броеви. (ќе биде објаснето кај секој од деловите каде е специфична примената).

## НУМЕРИРАЊЕ НА ДЕЛОВИТЕ ОД ТЕКСТОТ

- Насловните страници и почетните страници не треба да бидат нумерирани со бројка, ниту во содржината, ниту во делот на трудот.
- Исто така, и резимето-заклучоците, референците-библиографијата и прилозите не се бележат со бројка.
- Со бројка се обележуваат само деловите од основниот дел од текстот.

*Пример:*

Насловна страница

Потпишано одобрение/ страница за потписи

Содржина

1. Тема
2. Тема
2.1 Поттема
2.2 -//-
2.2.1 -//-
2.2.2 -//-
3. Тема
3.1 Поттема
Резиме-заклучоци
Референци-библиографија
Прилози

- Доколку деловите претставуваат заокружени, релативно самостојни целини, при нивното нумерирање може да се користат и големи римски броеви. (дозволено е и нивно болдирање), но со напомена дека секоја тема или поттема во тие делови започнува со бројот 1.

Пример:

**I. Наслов на самостојна целина**

1. Тема
1.1 Поттема

1.2 -//-

1.2.1 -//-

1.2.2 -//-

**II. Наслов на самостојна целина**

1. Тема
1.1 Поттема

1.2 -//-

1.2.1 -//-

1.2.2 -//-

## 2. НАСЛОВНИ СТРАНИЦИ

### 2.1 Насловна страница

- Насловната страница треба да го содржи називот на Универзитетот, под него називот на факултетот, областа на која трудот му припаѓа, насловот на проектот, име и презиме на студентот кандидат и име и презиме на менторот.
- На оваа страница нема број на страницата**.** **Следат примери**

### 2.2 Потпишано одобрение/ страница за потписи

- На оваа страница треба да стои насловот на проектот, наставните и научните звања на членовите во комисијата за одбрана и нивен потпис.
- На оваа страница е и изјавата на студентот-кандидат за почитување на авторските права и заштитата на интелектуалната сопственост која се однесува на користењето на реченици или делови од други автори.
- На оваа страница нема број на страницата. **Следат примери**

(насловна страница за семинарски труд)

**УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“- БИТОЛА**
**ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ВЕЛЕС**

СТУДИИ ОД ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

____________________________________

СЕМИНАРСКА РАБОТА ПО ПРЕДМЕТОТ:

____________________________________

НАСЛОВ:

____________________________________________________

__________________________________________

КАНДИДАТ

Име и презиме

МЕНТОР

проф. д-р Име и презиме

Велес, ________ година

(прва страница на семинарскиот труд)

УНИВЕРЗИТЕТ „Св.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“- БИТОЛА

**ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ВЕЛЕС**

СЕМИНАРСКА РАБОТА

СО НАСЛОВ:

_________________________________________________________

_______________________________________

Ментор: Име и презиме

ИЗЈАВА

Изјавувам дека при изработката на семинарска работа ги почитував позитивните законски прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди. Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност

Изјавил: Име и презиме

(насловна страница за дипломски труд)

УНИВЕРЗИТЕТ „Св.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“- БИТОЛА

**ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ВЕЛЕС**

ДИСЦИПЛИНАРНА ПРИПАДНОСТ НА ТЕМАТА

______________________________

ДИПЛОМСКИ ТРУД

НАСЛОВ:

________________________________________________

___________________________________

КАНДИДАТ

Име и презиме

МЕНТОР

проф. д-р Име и презиме

Велес, _______ година

(прва страница на дипломскиот труд)

УНИВЕРЗИТЕТ „Св.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“- БИТОЛА

**ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ВЕЛЕС**

ДИПЛОМСКИ ТРУД

НАСЛОВ:

_______________________________________________

_____________________________________

Членови на комисија

1. _________________________

2._________________________

3._________________________

ИЗЈАВА

Изјавувам дека при изработката на дипломскиот труд ги почитував позитивните законски прописи од областа на заштитата на интелектуалната соспственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди. Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност

Изјавил: Име и презиме

**3. СОДРЖИНА**

- Во содржината редоследно се наведуваат темите и поттемите на трудот со јасно обележани страници каде истите се наоѓаат.
- Содржината е на посебна/и страница/и и се бележи со мали римски букви

Пример:

**СОДРЖИНА**


1. Наслов на темата ------------------------------------------------ 23
2. Наслов на темата --------------------- --------------------------- 25

2.1 Наслов на поттема ------------------------------- ----------------- 27

2.2 Наслов на поттема -------------------------------------------------- 31

2.2.1 Наслов на поттема --------------------------------------------------- 37


**4. ВОВЕД**

- Со воведот студентот нè доближува непосредно до она што го пишува во трудот.
- Воведот е на посебна страница и се бележи со мали римски букви

**5. СТРАНИЦИ НА ТЕКСТОТ**

- Специфично за основниот текст е тоа што во него е детално разработена темата на трудот.
- Основниот текст на трудот треба да биде теориска разработка и експериментален дел на некоја од содржините изучувани во текот на студиите од страна на студентот. Експерименталниот дел од дипломската работа се изведува на Факултетот, а може да се изведува и надвор од Факултетот, во договор со менторот.

**6. РЕЗИМЕ-ЗАКЛУЧОЦИ**

- Во *резимето* се изнесуваат сознанијата во однос на теориската елаборација и експерименталната анализа на прашањата во дипломскиот труд.
- Во *заклучоците* се искажуваат сознанијата на студентот од реализирано истражување во рамките на истражувачкиот проект.
- И резимето и заклучоците не треба да надминуваат една страница од текстот.

**7. БИБЛИОГРАФИЈА (КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА)**

**П Р И М Е Р И**

**ПОДГОТВУВАЊЕ НА ФУСНОТИ И БИБЛИОГРАФИЈА**

**Материјал за интерна употреба на студиските програми на**

**Технолошко-техничкиот факултет Велес**

**Фусноти**

Кога се фуснотира треба да се обрне внимание податоците во фуснотата да го имаат следниот редослед:

1. Име и презиме на авторот (презимето е последно)
2. Година на публикување
3. Насловот на книгата
4. (Преведувач/илустратор) ако има такви податоци
5. Детали од публикацијата (едиција, издавач, место) и
6. Страница

Кога во содржината на дипломскиот труд се цитира нешто од дело на некој автор, по затворањето на цитатот во заграда се наведува бројот 1 - [1]. По цитат од друг автор, во заграда се наведува бројот 2 - [2]. Така хронолошки за секој нов автор. Доколку повторно се цитира истиот автор со истото дело, се наведува претходно споменатиот број.

Изворите на литература и нивните автори се наведуваат на крајот од дипломскиот труд, редоследно како што се наведени во содржината на истиот. Прво се наведува името на авторот, наслов на трудот-книга, име на журнал или издавачка куќа, број на страна и година на издавање.

**Пример:**

[1] E.M. Korenic, S.D. Jacobs, S.M. Faris, L. Li, Cholesteric liquid crystal flakes: a new form of domain, Mol. Cryst. Liq. Cryst. 317 (1998) 197-219.

**Технолошко-технички факултет Велес**
**Д е к а н**
**Проф.д-р Драган Дамјановски**